**20230701398**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 март 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на мало на следните производи:

- тоалетна хартија,
- влажни марамчиња,
- пелени за деца и возрасни (дајперси) и
- хигиенски влошки.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените кои се применувале на 20 март 2023 година, во трговијата на мало, кои цени се намалуваат за 13%.

Член 2

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат до 31 мај 2023 година.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3373/3
29 март 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.